ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр./Nr. 14/24-2
24.06.2024 год./v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 од Законот за судовите, член 13 и член 112 вв член 61 од Судскиот деловник и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 24.06.2024 година, ја донесе следната:

***О Д Л У К А***
***за изменување и дополнување на***
***Годишен распоред за работа на судските службеници***
***во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година***
***Су-03 бр. 14/24 од 09.01.2024 година и***
***Су-03 бр. 14/24-1 од 21.05.2024 година***

**Член 1**

Во глава **II Оддел за граѓански дела,**

Во **точката Б.II,** зборовите „**Љилјана Николовска** со судијата **Исамедин Лимани“** се заменуваат со “зборовите **Љилјана Николовска** со судијата **Шпенд Деваја“**

***Образложение***

Судскиот совет на Република Северна Македонија до Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 19.06.2024 година со допис бр. 02 - 336/58 достави Решение со кое се утврдува мирување на судиската функција на Исамедин Лимани, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, за време додека ја врши функцијата член на Судскиот Совет на Република Северна Македонија.

Поради горенаведеното, претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија по изборот на член на Судскиот совет од редот на судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија и имајќи ја предвид состојбата со намалениот број на судии, донесе Одлука за измена и дополнување на Одлуката за Годишниот распоред за работа на претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година Су-03 бр.13/24-3 од 24.06.2024 година.

Со посочената Одлука во  Одделот за граѓански дела се формира еден совет кој ќе постапува по предметите заведени во уписниците РЕВ1, РЕВ2 и РЕВ3 и предметите кои се заведуваат во уписникот Р и се вклучува судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија во автоматската распределба на предметите во АКМИС системот, од што произлезе потребата од определување на стручен судски службеник за работа со судијата.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**

**Доставено до:**
- Претседателот
- Судиите
- Стручни судски службеници
- водители на писарници
- сметководство
- ИТ центар
- архива